UDK 271.2 ISSN 1409-5483

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – СКОПЈЕ**
**ПРАВОСЛАВЕН БОГОСЛОВСКИ ФАКУЛТЕТ**
**„СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – СКОПЈЕ**

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК

## КНИГА 21

**СКОПЈЕ, 2015/2016**

Годишен зборник бр. 21
2015 – 2016

Редакциски одбор:

Д-р Ѓоко Ѓорѓевски, главен и одговорен уредник
Д-р Ратомир Грозданоски
Д-р Милан Ѓорѓевиќ

Секретар:
Д-р Дејан Борисов

Лектори:
Бобан Митевски
Зорица Велкова

Компјутерска подготовка:
Зорица Велкова

Печат: Контура – Скопје

Тираж: 100 примероци

Скопје, 2015 – 2016

271.2-726.1:929Лав, охридски архиепископ

ВИКТОР НЕДЕСКИ

# АРХИЕПИСКОПОТ ЛАВ ОХРИДСКИ И СУДИРОТ СО ЛАТИНИТЕ ВО НЕГОВАТА ЕПОХА

Лав[1] е еден од најзначајните архиепископи на Охридската архиепископија. Бил способен клирик и поранешен хартофилакс на Константинополската патријаршија. Станал вториот Охридски архиепископ по падот на Самоиловото Царство. Негов претходник бил Јован Дебарски, кој имал словенско потекло. Единствен автентичен извор за Лав, што го имаме на располагање, е белешката на епископот Михаил Деволски[2], која тој ја направил во описот на настаните од 1037 г. во текстот на „Историскиот синопсис" на Јован Скилица: *А откако се упокои Бугарскиот архиепископ Јован, царот произведе друг, кој беше од Пафлагонија, кој се прослави во Великата црква, извршувајќи ја службата на хартофилакс во текот на многу години и кој, откако го возљуби тихувањето и незадоволен од грижата за Божественото, се откажа од центарот на метежот и, не сакајќи да се судри со патријархот, самоволно се повлече во тихование. Тој се викаше Лав и се беше стекнал со секакво образование – световно и духовно, а исто така и во Бугарија неговата добродетел оставила големи спомени*[3].

[1] Најнова библиографија за Лав Охридски, заедно со изданието на посланијата и аскетската расправа на Лав е: E. Büttner, *Erzbischof von Ohrid (1037-1056). Leben und Werk (mit Texten seiner bisher unedierten asketischen Shrift und seiner drei Briefe an den Papst)*, Bamberg 2007. Како што подвлекува Prinzing: Büttner прави подобрено критичко издание на трите посланија на Лав, со коментари и со германски превод. (G. Prinzing, *The Autocephalous Byzantine Ecclesiastical Province of Bulgaria/Ohrid*, Bulgaria Mediaevalis, 3 (2012), 370).

[2] Деволската епископија била под јурисдикција на Охридската архиепископија. Cf. E. Naxidou, *Εκκλησία και Εθνική Ιδεολογία: Από την Αρχιεπισκοπή της Αχρίδας μέχρι την Ίδρυση της Αυτοκέφαλης 'Μακεδονικής Εκκλησίας'*, Thessaloniki 1999 (докторска дисертација), 48 ff.

[3] „καὶ Ἰωάννου δὲ τοῦ Βουλγαρίας ἀρχιεπισκόπου κοιμηθέντος, ἕτερον ὁ βασιλεὺς προχειρίζεται, Παφλαγονίας μὲν ὁρμώμενον, κἂν τῇ μεγάλῃ δὲ ἐκκλησίᾳ διαπρέψαντα, καὶ τὸ τοῦ χαρτοφυλάκου διακόνημα ἐν πολλοῖς ἔτεσιν διανύσαντα, ἔρωτι δὲ ἡσυχίας καὶ τῷ μὴ καλῶς τὰ θεῖα οἰκονομεῖσθαι παραιτησάμενον τοὺς ἐν μέσῳ θορύβους, καὶ διὰ τὸ μὴ θέλειν τῷ πατριάρχῃ

Иако кратка, оваа забелешка на Михаил Деволски дава значајни податоци за одредени сегменти од животот на архиепископот Лав. Согласно со белешката во описот, се смета дека Лав бил поставен за Охридски архиепископ во 1037 г. од тогашниот император Михаил IV[4], по смртта на архиепископот Јован. Büttner смета дека одлуката на императорот Михаил за избор на Лав, се должи главно на фактот што и двајцата биле од Пафлагонија[5]. Дури и да не се познавале лично, Лав сигурно одржувал контакт со некои од истакнатите свои сограѓани во палатата, помеѓу кои бил и братот на Михаил, монахот и евнух Јован Орфанотрофос. Имајќи власт зад тронот, Јован го издигнал на пиедестал своето семејство и ги поставил своите роднини на високи државни позиции[6]. Согласно, пак, мислењето на Наксиду, со тоа се објаснува и изборот од страна на императорот на клирик кој во овој период не се занимавал активно со црковни теми[7]. Михаил Деволски уште нè информира и за високото световно и црковно образование на Лав, како и за неговото долгогодишно и успешно работење во канцеларијата на Константинополската патријаршија. Така, не може да биде негирана неговата образованост, како и способностите и квалитетите кои ги покажал за време на престојот и делувањето во престолнината. Исто така, може да се претпостави дека Лав бил релативно стар кога станал архиепископ.

Значајно за истакнување во белешката на Михаил е ставот на Лав дека црковните теми во престолнината не се третираат соодветно. Иако Михаил дава само воопштена констатација, не укажувајќи за кои конкретни црковни теми станува збор, сепак, судејќи по она што е актуелно на црковен план во овој период, сметаме дека станува збор за односите со Запад. Веројатно Лав не се согласувал со обидите за обновување на врските со Рим, кои се случувале во 1024 г., во времето на патријархот Евстатиј. Причините за влошувањето на односите помеѓу Рим и Константинопол на самиот почеток на

προσκρούειν ἡσυχάζοντα καὶ ἰδιοπραγοῦντα. οὗτος Λέων μὲν ἐκαλεῖτο, πᾶσαν δὲ παιδείαν ἐξήσκητο τὴν τε θύραθεν καὶ τὴν ἡμετέραν, ἐπιστὰς δὲ τῇ Βουλγαρίᾳ πολλὰ μνημεῖα τῆς αὐτοῦ ἀρετῆς καταλέλοιπεν“ I. Scylitzae, *Synopsis Historiarum*, ed. I.Thurn, Berlin 1973, 400.

[4] За ова прашање види: H. Gelzer, *Der Patriarchat von Achrida. Geschicthe und Urkunden*, Darmstadt 1980 (1st edition Leipzig 1902), 8; P. Gautier, *Théophylacte d'Achrida discours, traités, poésies*, Thessalonique 1980, 30-31; Büttner, *op. cit.*, 26-28.

[5] Büttner, *op. cit.* 23 ff.

[6] R. Janin, *Un ministre byzantine: Jean l' Orphanotrophe (XIe siècle)*, Échos d' Orient 30 (1931) No 164, 431-443; K. M. Ringrose, *The Perfect Servant. Eunuchs and the Social Construction of Gender in Byzantium*, Chicago and London 2003, 190-193.

[7] E. Naxidou, *The Archbishop of Ohrid Leo and the Ecclesiastical Dispute Between Constantinople and Rome in the mid 11th century*, Cyrillomethodianum XXI (2016), 10.

XI век, останувaат нејасни и тешко е да бидат прецизно одредени[8]. Меѓутоа, нешто појасни се настаните кои се случуваат кон крајот на второто и првата половина од третото десетлетие од овој век. Така, падот на Самоиловото Царство и неговото приклучување кон Византиската Империја, ги засилило византиските влијанија на овие територии, наспроти дотогаш силните латински влијанија. Особено клучно за тоа е признавањето на Охридската архиепископија од византискиот император Василиј II, што трајно ќе ја утврди источната ориентација на оваа помесна Црква. Исто така, во овој период расте интересот на Византија за византиските владенија во Јужна Италија, особено поради востанието на лонгобардот Мелус од Бари, во Апулија, против византиската власт во 1020 г. Како одговор на ова востание, патријархот Евстатиј ја основа Архиепископијата на Сипонто во Апулија[9]. Меѓутоа, на иницијатива на императорот, патријархот Евстатиј испратил и делегација во Рим, со предлог Константинополската патријаршија да биде признаена како вселенска на територијата на нејзината јурисдикција, а папата да го задржи првенството[10]. Ова уредување немало канонска основа, но на помирувањето се гледало како на сојуз за надминување на заедничките проблеми во Јужна Италија. Сепак, папата Јован XIX бил спречен да се согласи поради критиките на Клуниците (монаси), кои го обвинувале за умереност, потсетувајќи го дека христијанската Црква е единствена и неделива заедница[11]. Судејќи по неговиот став за настаните од 1053-1054 г., многу е веројатно и Лав Охридски, тогаш сè уште хартофилакс во Константинопол, да не се согласу-

[8] Според Runciman, расколот се случил во 1009 година поради фактот што во таа година папата Сергиј IV, како што налагала традицијата, испратил писмо до Константинопол за своето востоличување, додавајќи го filioque на Символот на верата. Поради оваа причина, патријархот, исто така именуван Сергиј, престанал да го споменува името на папата во диптисите, практика која барем формално го означувала единството на двете Цркви. Cf. S. Runciman, *The eastern schism. A study of the Papacy and the Eastern Churches during the XIth and the XIIth centuries*, Oxford 1955, 32-33. Jugie и Beck расколот го припишуваат на политиката на Папата Бенедикт кој го крунисал Хенри II за император во 1014 г. и им помогнал на Норманите да напредуваат кон византиските територии во Јужна Италија. Cf. M. Jugie, *Le schisme byzantin. Aperсu historique et doctrinal*, Paris 1941, 166-167; H. G. Beck, *Ιστορία της Ορθόδοξης Εκκλησίας στη Βυζαντινή Αυτοκρατορία*, т. 1, прев. L. Anagnostou, Athens 2004,354-355.

[9] Β. Φειδάς, *Εκκλησιαστική ιστορία Β'*, Αθήνα 2002, 165.

[10] „quatemus cum consensus romani pontificis liceret Ecclesiam constantinopolitanam in suo orbe, sicut romana in universo, universalem dici et haberi“ PL 142, 670-672.

[11] Единствениот извор за овој инцидент е хрониката напишана од Rodulf Glaber кој бил монах во манастирот на Клуни. Cf. R. Glaber, *Historiarum Liber Quartus*, Migne PL 142, 670-672. Манастирот на Клуни бил еден од центрите на Реформацијата на Латинската црква во XI век. Cf. C. Morris, *The Papal Monarchy. The Western Church from 1050 to 1250*, Oxford 1989, 64-68.

вал со иницијативата на императорот и патријархот Евстатиј, да се стапи во единство со Рим пред да се решат клучните богословски и јурисдикциски прашања. Меѓутоа, тука во никој случај не треба да се добива впечаток дека дошло до каков било судир помеѓу Лав и Евстатиј, како што сметаат некои истражувачи[12], туку едноставно, како што кажува Михаил Деволски, Лав *не сакајќи да се судри со патријархот, самоволно се повлече во тиховање.* Силен аргумент за големата почит на Лав кон личноста на патријархот Евстатиј, е и тоа што неговиот портрет го поместува помеѓу светите архиереи во олтарот на охридската „Света Софија", чиј ктитор е токму Лав. Ова е единствениот познат портрет на патријархот Евстатиј. Тоа, секако, се должи и на фактот дека Охридската архиепископија го добива својот признат статус преку трите грамоти на императорот Василиј II, токму во времето на патријархот Евстатиј. Наклонетоста на Лав кон монашкиот живот, како друга причина за напуштањето на административната функција во Константинополската црква е исто така видлива и од фактот што напишал трактат за подвижништвото (Ασκητική Πράξη)[13]. Погоре опишаното покажува дека Лав бил одлично образован клирик, со моќна личност. Тој поскоро прифатил да ја напушти својата позиција, отколку своите ставови.

Личноста и ставовите на архиепископот Лав Охридски, особено ќе се актуелизираат во 1053 г., кога тој испраќа едно послание со богословска содржина до епископот Јован Траниски во Апулија. Со ова послание „за бесквасниците и саботите"[14], архиепископот Лав имал за цел да ги заштити христијаните во Јужна Италија од латинските литургиски традиции[15]. Посланието на Лав не доаѓа случајно во ова време. Имено, со продорот на Норманите на југ, кон византиските територии во Јужна Италија, под влијание на папската столица биле забранувани источните литургиски обичаи. Во

[12] Cf. Naxidou, *op. cit.*, 17-18.

[13] Büttner, *op. cit.*, 78 ff.

[14] „περὶ τῶν ἀζύμων καὶ τῶν σαββάτων" Büttner, *op. cit.*, 180-193.

[15] C. Will, *Acta et scripta quae de controversiis ecclesiae Graecae et Latinae saeculo undecimo composita extant*, Lipsiae et Marpurgi, 1861, 56–64; Büttner, *op. cit.*, 180–193. Büttner, авторот на новото критичко издание, смета дека означениот како примач „римски епископ" во насловот на посланието не е Јован Траниски, туку патријархот на Венеција, Градо Доминик Маранго (Büttner, *op. cit.*, 42–43, 194–196). Ова тврдење е спротивно со латинскиот превод на посланието, каде што Јован Траниски се наведува како примач. Латинскиот превод е публикуван од C.Will, *Acta et scripta quae de controversiis Ecclesiae Graecae et Latinae seculo undecimo composite extant*, Frankfurt 1963, 61-64. Јован Траниски бил латински епископ, кој исто така ја држел и канцеларијата на патријаршиски сингел, односно бил претставник на Константинополската патријаршија во Јужна Италија, бидејќи регионот сè уште се наоѓал под византиска управа. Cf. M. Jugie, *Le schisme byzantin. Aperсu historique et doctrinal*, Paris 1941, 190. За писмото на Лав Охридски види исто: А. Бармин, *Полемика и схизма. История греко-латинских споров IX–XII веков*, Москва, 2006, 127–129.

меѓувреме, Римската црква со низа помесни собори во Италија, ги осудила источните обичаи и црквите кои ги практикувале. Како противтежа на тоа, Константинополскиот патријарх Михаил Кирулариј ги затворил сите латински цркви и манастири во Константинопол[16]. Така, сосема природно било во вакви околности архиепископот Лав да упати послание со инструкции и појаснувања на „богослужбените грешки на Латините" до епископот Јован Траниски, кој ја извршувал и улогата на сингел на Константинополската патријаршија во Јужна Италија[17]. Во посланието, меѓу другото, Лав бара од Јован да му го пренесе посланието на папата и на епископите од Запад, со апел да се поправат. Како што забележува Челцов, ова е *првиот официјален повик против Латините од страна на Елините во борбата со нив за прашањето за бесквасниците* и следствено, би требало да се смета за своевидно окружно послание, упатено до *сите епископи на Франките*[18] и до самиот папа Лав IX[19].

Согласно латинскиот превод, посланието било испратено од име на Охридскиот архиепископ и на Константинополскиот патријарх, Михаил Кирулариј. Според мислењето на Наксиду, ова значи дека Лав ја покренал оваа иницијатива согласно со волјата на патријархот, а можеби и по патријаршиски упатства[20]. Во таков случај се јавува прашањето зошто Кирулариј не му напишал директно на папата. Според нејзиното мислење, тоа се должи на недостигот на црковно образование кај Кирулариј, бидејќи тој бил државен службеник пред да биде протеран поради покренувањето на заговор против императорот Михаил IV. За време на овој прогон, Кирулариј се замонашил. Кога конечно се вратил во Константинопол, се искачил на патријаршискиот престол во 1043 г.[21]. Значајно е да се нагласи и тоа дека во случај тој да стои зад посланието, тоа не би било прв пат Кирулариј да ги изразува своите ставови преку трето лице. Познато е дека на Нестор Ibn Butlan му нарачал да состави трактат против оние кои користат бесквасен леб[22]. И во случајот со Лав, не е исклучена можноста патријархот да не сакал да биде одговорен за неуспехот на обидот за зближување помеѓу императорот и папата, кој бил во тек во тоа време[23].

---

[16] Φειδάς, *op. cit.*, 167.

[17] Ibid.

[18] Büttner, *op. cit.,* 180 (Ep. 1.5–6).

[19] М. Чельцов, *Полемика между греками и латинянами по вопросу об опресноках в XI–XII веках. Опыт исторического изследования*, Санкт-Петербург, 1879, 57–58.

[20] Naxidou, *op. cit.*, 11.

[21] Runciman, *op. cit.*, 39 ff.

[22] Ibid, 40.

[23] Naxidou, *op. cit.*, 11.

Што се однесува на причините поради кои Кируларij го избрал Лав Охридски за оваа мисија, Наксиду смета дека тие може да бидат поврзани со сличните карактери и ставови помеѓу овие две личности[24]. Кога станува збор за карактерите, не треба да се заборава дека Кируларij е опишан како арогантен, без дипломатски способности, крут и типичен бирократ[25]. Од друга страна, Лав бил почитувана аскетска личност, што тешко се поврзува со личните карактеристики на Кируларij. Така, поверојатно е дека и двајцата припаѓале на екстремната фракција на источното свештенство, која била против исполнувањето на одредени услови за да се постигне договор со папата. Но иако споделуваат одредени заеднички богословски ставови, значајно е да се нагласи дека архиепископот Лав во никој случај не треба да биде перципиран како човек со сервилен однос кон патријархот Кируларij, бидејќи бескомпромисноста на своите ставови, Лав ја покажал уште во времето кога бил во патријаршиска служба. Разликата во ставовите на Лав и Кируларij се забележува и од ставовите кои Кируларij ги презентира во своите подоцнежни преписки со патријархот Петар Антиохиски. Бидејќи компарацијата на ставовите на двајцата ерарси (Лав и Кируларij) изискува посебен текст, овде само може да се нагласи дека додека Лав се задржува само на сериозни, вистинити и издржани богослужбени разлики помеѓу Источната и Западната црква, кои и денес сериозно се разгледуваат, Кируларij презентира и многу несериозни разлики, како на пример тоа дека свештениците на Запад ги бричат своите бради, или тоа дека се облекуваат во свилени, а не во волнени облеки, за што е разобличен уште во самите одговори на умерениот патријархот Петар Антиохиски кој му укажува на неиздржаноста на овие забелешки[26].

Активното учество на претстојателот на Охридската архиепископија во борбата помеѓу Константинопол и Рим, започната во XI век, не е случајно и заслужува посебно и подлабоко внимание. Големата област на диецезата на Охридската архиепископија се протегала главно на западните и централните предели на Балканскиот Полуостров, во древната црковна епархија на Илирик, која е одземена од диецезата на Рим од првиот иконоборец, император Лав III Исавријанец (717 – 741 г.)[27]. Оттогаш, па сè до дефинитивниот раскол, овие територии ќе претставуваат јаболко на раздорот помеѓу Рим и Константинопол и, зависно од световната власт, ќе подлежат и на миси-

[24] Ibid.

[25] Jugie, *op. cit.*, 187 ff.

[26] PG 120, 799.

[27] M. Anastos, *The transfer of Illyricum, Calabria and Sicily to the jurisdiction of the patriarchate of Constantinople in 732–33*, Studies in Byzantine Intellectual History, London 1979, IX, 14–31.

онерските делувања на овие два моќни црковни центри[28]. Уште во време на Фотиевиот раскол, забележано е воведувањето на латински обичаи во темата Бугарија од страна на латинските мисионери, за што детално зборува патријархот Фотиј во своето Окружно послание од 867 г. до патријарсите од Исток и во второто „апологетско" послание до папскиот трон[29].

Иако Византиската Империја во почетокот на XI век ја вратила власта врз областите од Западен Балкан, претстојателите на Охридската архиепископија направиле големи напори за да ја потврдат законитоста на нивната катедра, колку и да изгледала спорна и сомнителна во очите на Рим[30]. Исто така, уште потешко одело искоренувањето на латинските обичаи кои, како што видовме погоре, биле наметнувани на територијата на сега веќе византиската Охридска архиепископија уште во времето на патријархот Фотиј. Имајќи го предвид словенскиот карактер на населението во диецезата на Охрид, за таа цел неминовно морало да се искористи и традицијата на светите Кирил и Методиј, поставена во еден антилатински контекст. Особено бил поттикнуван култот на локалниот светител Климент Охридски, кој бил интензивно и континуирано негуван и од страна на Охридските архиепископи[31].

Поглаварите на Охридската архиепископија, кои биле избирани директно од императорот, а не од Константинополскиот патријарх, всушност биле лица од императорското опкружување и, според тоа, нивна улога било и интегрирањето на населението од територијата на некогашното Самоилово Царство во императорскиот систем[32]. Речиси низ целиот XI век, владеењето на Константинопол над внатрешните балкански територии ретко е оспорувано од страна на надворешни сили (освен од страна на некои деструктивни номадски упади преку Дунав), и главен извор на политичката нестабилност

[28] За борбите меѓу Рим и Константинопол за јурисдикцијата над Балканот и Јужна Италија, види повеќе: Φειδᾶς, *op. cit.*, 92-175.

[29] PG 102,721-742 и PG 102, 593-617.

[30] В. Златарски, *История на българската държава през средните векове*, т. 2, България под византийско владичество (1018–1187), София 1934, 31–32; Д. Чешмеджиев, *Култовете на българските светци през XI–XII в*, Научни трудове на Пловдивския университет „Паисий Хилендарски", т. 41 (2003) 1, 501.

[31] Cf. В. Недески, *Свети Климент Охридски - хагиографија и химнографија*, Охрид 2016, 13-26.

[32] За улогата на Охридската архиепископија во плановите на византиските власти и активното користење на словенското културно наследство во тесна врска со политиката на империјата, види: Г. Литаврин, *Болгария и Византия в XI–XII вв.*, Москва 1960, 351, 365–366, 369; Г. Литаврин, *Условия развития болгарской культуры в XI–XII вв.*, История и культура Болгарии, Москва 1981, 299; В. Станковић, *Цариградски патријарси и цареви Македонске династије*, Београд 2003, 177.

станувaат внатрешните бранувања, а особено обидите на поробените Словени и Бугари за обновување на нивната државност. Во текот на задушувањето на овие востанија, централната власт често користела платеници од различни европски земји, кои придонесле локалното население постепено да формира многу негативен став кон западното христијанство[33].

За потврдување на интегритетот на Архиепископијата, биле составувани и серија текстови од XII до XIII век, со цел да се покаже пред Западот директниот континуитет помеѓу автокефалната Архиепископија Прва Јустинијана, основана во 535 г. од страна на царот Јустинијан I (527-565 г.) и Охридската архиепископија, кои се детално анализирани во научната литература[34]. Овде вниманието експлицитно ќе го насочиме на една интересна појава, што јасно покажува дека темата за односот помеѓу Охрид и Рим создала тензии и загриженост кај елитата на Византиската црква во годините пред големиот раскол, што, пак, е тесно поврзано со дејноста и творештвото на архиепископот Лав.

Малку по доаѓањето во Охрид, во 1037 г., *Лав, ӣрвиоӣ од Ромеиӣе*[35] Охридски архиепископ, ја организира изградбата на новиот соборен храм „Света Софија", посветен на Премудроста Божја, на чии ѕидови се насликани не само почитуваните источни отци на Црквата, како и словенските просветители Кирил и Климент, туку и шестмина Римски папи: Климент I (88-99 г.), Силвестер I (314-335 г.), Инокентиј I (401-417 г.), Лав I Велики (440-461 г.), Вигилиј (537-555 г.) и Григориј I Велики Двоеслав (590-604 г.)[36],

[33] А. Николов, *Между Рим и Цариград*, София 2016, 12.

[34] Cf. G. Prinzing, *Enstehung und Rezeption der Justiniana Prima-Theorie im Mittelaler*, Byzantinobulgarica 5 (198) 269-287.

[35] „Λέων πρῶτος ἐκ Ῥωμαίων" – на овој начин е окарактеризиран Лав во каталогот на Охридските архиепископи на Du Cange (Gelzer, *op. cit.*, 6-7), наспроти неговиот претходник Јован Дебарски, кој имал словенско потекло (Й. Иванов, *Български сӣарини из Македония*, София, 1931, 566; И. Божилов, *Българскаӣа архиеӣископия XI–XII век. Сӣисъкъӣ на българскиӣе архиеӣископи*, София 2011, 102).

[36] П. Миљковиќ-Пепек, *Маӣеријали за македонскаӣа средновековна умеӣносӣ. Фрескиӣе во свеӣилишӣеӣо на црквaӣа „Св. Софија" во Охрид*, Зборник на Археолошкиот музеј – Скопје, I (1955–1956), 58; A. Epstein, *The Political Content of the Paintings of Saint Sophia at Ohrid*, Jahrbuch der österreichischen Byzantinistik, 29 (1980), 315–329; C. Grozdanov, *Ritrati di sei papi nella cattedrale di Santa Sofi a a Ocrida*, Balcanica – storia, cultura, politica, II (1983)1, 3–16; Ц. Грозданов, *Големиоӣ расцеӣ меѓу Рим и Визанӣија од 1054 година и неговиоӣ одраз во фрескиӣе на црквaӣа „Св. Софија" во Охрид*, Предавања на XXIII Семинар за македонски јазик, литература и култура, Скопје и Охрид, 3–22 VIII 1990 година, Скопје, 1991, 119 – 124; A. Lidov, *Byzantine Church Decoration and the Great Schism of 1054,* Byz, 68 (1998) 395; Чешмеджиев, *op. cit.*, 500; B. Todić, *Représentations de Papes Romains dans l'église Sainte Sophie d'Ohrid. Contribution à l'idéologie de l'archevêché d'Ohrid*, Δελτίον Χριστιανικής Αρχαιολογικής Εταιρείας, 47 (2008) 105–118.

што претставува изолиран случај во византиската уметност[37]. Оваа појава изгледа навидум контрадикторна со ставовите на архиепископот Лав, презентирани во посланието до Јован Траниски, кои се насочени против одредени пракси на Римската црква, па токму затоа и го привлекла вниманието на повеќемина истражувачи. Досега се понудени повеќе објаснувања за прикажувањето на папите во „Света Софија". Така, нивните ликови би биле идеално заокружување на сликата за христијанската екумена и идејата за пентархијата, имајќи предвид дека освен портретите на шестемина папи, во олтарот на „Света Софија" се насликани и најзначајните вселенски учители на Црквата, поставени во олтарната апсида, потоа дури дваесет и четири константинополски патријарси, кои се поставени во средишниот дел на олтарот, а во бочните одделенија се насликани патријарсите на Александрија, Антиохија и Ерусалим, епископите од Амасија, Апамеја, Гортина, Ламсака, Никомидија, Пергам, Пруса, Тримитунд и Смирна[38]. Едно од понудените решенија е дека бројниот однос на константинополските патријарси и римските папи во фрескоживописот на „Света Софија", ја прикажува и надмоќноста на Константинополската столица над Римската[39]; друго објаснување е тоа дека прикажаните папи биле почитувани како светители во Византија, па според тоа нема ништо спорно во нивното прикажување[40]; а, исто така, биле учесници и современици на Вселенските собори, чии одлуки самите ги прифатиле[41]. Меѓутоа, како што забележува и Тодиќ, предложените објаснувања не го разрешуваат целосно ова прашање, бидејќи не земаат предвид некои факти, како на пример тоа дека во константинополските синаксари

---

[37] За овој иконографски случај е пишувано доста, а му се посветени и две одделни студии: C. Grozdanov, *Ritrati di sei papi nella cattedrale di Santa Sofia a Ochrida*, Balcanica – storia, cultura, politica II – 1 (1983) 3-16; B. Todic, *Représentations de papes romains dans l' église Sante-Sophie d'Ohrid. Contribution à l'idéologie de l'Archevêché d'Ohrid*, ΔΧΑΕ 4/2 (2008) 105-117.

[38] Б. Тодић, *Архиепископ Лав – творац иконографског програма фресака у Светој Софији Охридској*, Византијски свет на Балкану (2012) 131.

[39] A. Grabar, *Deux témoignages archéologiques sur l'autocéphalie d'une église*, ЗРВИ 8/2 (1964)167; idem, *Les peintures murals dans le choeur de Sainte-Sophie d'Ohrid*, CA 15 (1965) 253-258.

[40] Ibid. 258; R. Ljubinković, *Les influences de la vie politique contemporaine sur la decoration des églises d'Ohrid*, Actes du XII$^{e}$ Congrès international d'études byzantines III, Beograd 1964, 223; A. Wharton Epstein, *The Political Content of the Painting of Saint Sophia at Ohrid*, Jahrbuch der Österreichishen Byzantinistik 29 (1980) 321.

[41] R. Ljubinković – M. Ćorović-Ljubinković, *La peinture medieval à Ohrid, Musée national d'Ohrid*, Recueil de traveaux, éd. Special, Ohrid 1961, 103; Wharton Epstein, *loc. cit.*

не се наоѓаат имињата на сите насликани папи, или тоа дека не сите од нив учествувале на Вселенски собори, или ги прифатиле сите нивни одлуки[42].

Најпрво, значајно е да се нагласи дека нема ништо спорно во сликањето на римските папи во „Света Софија“ во времето на полемиката на Охридскиот архиепископ со Латините, бидејќи оваа расправа не се однесувала на приматот на Римската црква, ниту со тоа се оспорувал авторитетот на претходните римски папи[43]. Меѓутоа, тука мора да се нагласи уште еден момент. Имено, во текот на X и почетокот на XI век, Римскиот трон доживувал силна духовна и морална криза. Врз изборот на римскиот папа особено влијаеле или германскиот цар, или аристократските римски фамилии. Лошиот углед на папскиот трон довел до тоа оваа епоха да го добие и називот „порнократија“, а резултат на оваа состојба секако ќе биде Реформацијата, која во овој период ги пројавува своите никулци[44]. Познавајќи ја оваа состојба, Лав како да сакал да испрати порака и да покаже дека состојбата во Римската црква не била отсекогаш таква и дека овој трон во минатото го краселе свети и достоинствени претстојатели, кои се истакнале како поборници за православната вера.

Тоа што привлекува особен интерес е сликањето на римските папи Инокентиј I и Вигилиј, чии имиња не се наоѓале во константинополските синаксари. Меѓутоа, оваа појава може да се протолкува во контекст на политиката на Лав за утврдување на автокефалноста на Охридската архиепископија, наспроти претензиите на Рим кон нејзините територии. Имено, на нејзината територија во минатото постоеле две црковни организации: Солунскиот викаријат (од почетокот на V век до првата половина на VI век) и Јустинијана Прима (од средината на VI до првите години од VII век). Настанувањето на Солунскиот викаријат е поврзано со папата Инокентиј I, кој во 412 г. му одредил некои автокефални права, додека папата Вигилиј, во договор со императорот Јустинијан, во 545 г. ѝ дал полна автокефалија на Јустинијана Прима[45]. Како што наведовме и погоре, токму на Јустинијановата архиепископија, основана со CXXXI новела, Охридската столица ги засновала својата автокефалија и легитимитет. Тука се појавува уште една разлика во ставовите на патријархот Михаил Кируларий и архиепископот Лав. Имено, во преписките на Кируларий со Петар Антиохиски, тој му забележува на Антиохискиот патријарх за тоа што сè уште не го исфрлил од диптисите името на папата и продолжува да го споменува[46]. Во продолжение, тој објаснува

[42] Тодић, *op. cit.*, 131.

[43] Ibid.

[44] Φειδάς, *op. cit.*, 155.

[45] Тодић, *op. cit.*, 131-132.

[46] PG 120, 796 C-D.

дека името на папата е исфрлено од источните диптиси уште во времето на папата Вигилиј, кој не го анатемисал учењето на Теодорит и не ги прифатил дванаесетте глави на свети Кирил Александриски. Така, додека Лав го поместува Вигилиј помеѓу светите римски папи, Кируларij го смета за началник на расколот помеѓу источното и западното христијанство.

Мотивот на римските папи во охридската катедрала, е сведоштво дека Охридскиот архиепископ Лав имал целосно познавање на историската врска на земјите од неговата јурисдикција со Римската црква, но и на личностите кои биле директно поврзани со автокефалниот статус на Охридската архиепископија и со нејзините претходнички. Од друга страна, активното вклучување на Лав во борбата на Константинопол против грешките и заблудите на „Латините“, ја изразува неговата желба да направи категорична разлика помеѓу литургиските пракси на современото папство, од една страна и старите црковни традиции, од друга страна.

Лав го испратил своето послание во времето кога истоимениот папа Лав IX и византискиот император Константин IX биле подготвени да соработуваат за да се соочат со заканата на Норманите, кои почнале да ги освојуваат византиските територии во Јужна Италија и заканувачки напредувале кон Рим. Така и двете страни сметале дека соработката би била од заеднички интерес[47]. Меѓутоа, овој потфат би можел да биде успешен само доколку се обнови црковното единство. Проблемот бил во тоа што односите помеѓу Византиската патријаршија и Папската црква биле сериозно нарушени, особено од Фотиевиот раскол, така што било тешко да се залечат. Додавката filioque во Символот на верата, како и повеќето литургиски пракси на Западот, Истокот ги сметал за погрешни, а признавањето на првенството на папата било неприфатливо[48].

Некои од разликите за првпат излегле на површина со посланието на Лав, и тоа за време на преговорите помеѓу императорот и папата, нешто што сигурно било повеќе од случајност. Веројатно, ставовите на Лав биле поддржани и од строгите кругови на византискиот клир, а можеби и од самиот патријарх, кој видел дека нивната позиција е загрозена од политиката за помирување на императорот. Во овој контекст, иницијативата на Лав предизвикала сериозен спор со недогледни последици. Чудно е тоа што Лав се сконцентрирал на богослужбените разлики, а ја премолчува догматската

[47] J. C. Cheynet, *Ο Βυζαντινός Κόσμος. Τόμος Β΄ Η Βυζαντινή Αυτοκρατορία (641-1204)* прев. A. Karastathi, Athens 2011, 128-129; D. M. Nicol, *Byzantium and the Papacy in the Eleventh Century*, Byzantium: its Ecclesiastical History and Relations with the Western World, Collected Studies, London 1972, 7-8.

[48] F. Dvornik, *The Photian Schism. History and Legend*, Cambridge 1970; Runciman, *op. cit.*, 1 ff.; Jugie, *op. cit.*, 3 ff.; Beck, *op. cit.*, 271 ff.

борба за исходењето на Светиот Дух. Веројатно, изгледа дека богослужбените обичаи имале особено значење во Константинопол во тоа време.

Несомнено, и патријархот Кируларий бил многу чувствителен околу овие прашања. Во многу случаи му забранувал на Аргириј, управникот на византиските делови од Јужна Италија, да земе учество во светата причест затоа што ја следел западната богослужбена пракса[49]. Од истата причина, како што кажавме погоре, во 1052 г. наредил да бидат затворени сите латински цркви во Константинопол[50]. Тоа веројатно се должи на недостигот на знаење и подлабоко разбирање на догматските прашања, како и на неговиот обид да ја контролира Ерменската црква по освојувањето на Ерменското Царство од страна на императорот Василиј II. Ерменците, освен догматските отклонувања, споделувале и богослужбени пракси со Западната црква, како што е постот во сабота и употребата на бесквасен леб[51]. Како последна причина може да биде и тоа што богослужбените разлики биле полесно воочливи од обичниот народ[52].

Сојузот меѓу папскиот трон и византискиот управител на Јужна Италија, Аргириј против Норманите, доживеал силен удар во февруари 1053 г., со победата на Норманите над папските војски, предводени од самиот папа Лав IX. Папата бил заробен и затворен во замокот на Беневенто, а кардиналот Хумберт бил испратен од Рим за да се сретне со заробениот папа. По патот кон Беневенто, Хумберт поминал од Апулија, веројатно за да се сретне со Аргириј, но веројатно го посетил и епископот Јован Транински, кој му го покажал посланието од Лав Охридски[53]. Откако било преведено на латински[54] од страна на кардиналот Хумберт[55], посланието било презентирано пред папата Лав IX[56].

Очигледно, содржината на посланието го вознемирила папата, по што Хумберт добил задача да состави одговор на ова послание, што и го направил во почетокот на 1053 г. Опширното послание папата го упатил како

[49] PG, 120, 788.

[50] Beck, *op. cit.*, 399.

[51] Runciman, *op. cit.*, 40-41.

[52] G. Ostrogorski, *Ιστορία του Βυζαντινού Κράτους*, τόμος Β΄, прев. J. Panagopoulos, Athens 1979, 224. Ова е разбирливо доколку гоземеме предвид фактот дека Кируларий бил многу популарен во Константинопол. Cf. Runciman, *op. cit.*, 40.

[53] Φειδάς, *op. cit.*, 167.

[54] C. Will, *op. cit.*, 61-64.

[55] A. Michel, *Humbert und Kerullarios*, т. 1 и 2, Paderborn 1924 и 1930.

[56] За Латинската црква во 11. век, види индикативно: W. Ullmann, *A Short History of the Papacy in the Middle Ages*, London and New York 1972; M. Stroll, *Popes and Antipopes. The Politics of Eleventh Century Church Reform*, Leiden-Boston 2012; C. Morris, *The Papal Monarchy. The Western Church from 1050 to 1250*, Oxford 1989.

до Лав Охридски, така и до Киулариј[57]. Во одговорот, Хумберт се обидел да ги докаже првенството и безгрешноста на Римската црква и на папата, врз основа на Петровата традиција и Псевдоконстантиновиот дар[58]. Освен тоа, повторно по сугестија на папата, Хумберт напишал трактат со наслов „Adversus Graecorum calumnias" (Против клеветите на Елините)[59]. Во форма на дијалог помеѓу еден римски граѓанин и еден жител на Константинопол, неговата цел била да ги побие аргументите на Лав. Со тоа Хумберт станал вториот протагонист во настаните од 1053 г.

Со овие два документа во својот багаж, Хумберт дошол во Константинопол, како предводник на папската делегација во 1054 г.[60] Судирот се развил во конфликт, кој ги извадил на површина сите богослужбени и догматски разлики помеѓу двете Цркви. Богословското ниво на Хумберт може да се вреднува по тоа што во оваа прилика тој ја нападнал Источната црква дека го исфрлила filioque од Никео-Константинополскиот символ. Од тоа може да се заклучи дека неговите богословски ставови главно се темелеле на антивизантиската книжевност на Франките[61]. Како опонент на Хумберт од византиската страна, овој пат се јавува студискиот монах Никифор Ститат[62]. Наоѓајќи се веројатно веќе во Охрид, Лав не можел да земе учество во непријатните настани кои се случиле во Константинопол. Меѓутоа, независно од тоа, тој се нашол веднаш до патријархот Михаил Кируларij и неговиот сакелариј на документот на анатемата од Хумберт во име на папата Лав IX[63], кој веќе неколку месеци бил упокоен.

Тука треба да се забележи дека, во меѓувреме, Кируларij направил еден чекор за помирување, испраќајќи свое послание до папата. Иако документот не е сочуван, Кируларij го споменува во друго послание до Антиохискиот патријарх Петар[64]. Првиот го информира последниот дека му се обратил на папата со смирение, за да ја добие неговата поддршка против Франките. Истовремено, изјавува дека никогаш не му пишувал на папата, ниту на кој било друг латински епископ за прашањето околу бесквасните лебови, оградувајќи се на тој начин од Лав и неговата иницијатива[65]. Според тоа,

[57] PL, 143, 744-769.

[58] Φειδάς, *op. cit.*, 168.

[59] PL 143, 929-974.

[60] Runciman, *op. cit.*, 42 ff.; Jugie, *op. cit.*, 193 ff.; Stroll, *op. cit.*, 40 ff.

[61] Φειδάς, *op. cit.*, 168.

[62] Ibid., 169.

[63] PL 143, 1001-1004.

[64] PG 120, 781 ff.

[65] „ἀλλ᾽οὖν περὶ οὐδενὸς τούτων ἐδήλωσὲ ποτε ἢ αὐτῷ τῷ πάπᾳ, ἢ τινι ἄλλῳ τῶν ἐπισκόπων αὐτοῦ· πλὴν τῆς ἐπιστολῆς ἧς νῦν πρὸς σὲ τὸ ἴσον ἐξαπεστείλαμεν" PG, 120, 789.

може уште еднаш да се потврди самостојното делување на Лав Охридски и неговата клучна улога во овие настани со милениумски последици. Несомнено, Лав и Кируларий делеле одредени заеднички нетолерантни ставови, но, сепак, автокефалниот поглавар на Охридската столица, како голем богословски ум, ги поставил основите за воочување на разликите во одредени богослужбени пракси меѓу источното и западното христијанство.

Охридскиот архиепископ напишал уште две посланија „За бесквасниците" (Περί των αζυμών), поврзани со прашањето за бесквасните лебови, без каков било показател за нивните примателиᵃ[66]. Интересно е тоа што овие две посланија не се споменуваат и во одговорите на папата до Лав. Првото од двете е слично во стил и контекст со тоа од 1053 г. Лав ги презентира своите аргументи и поставува прашања кои го покажуваат неговото силно неодобрување на латинските богослужбени традиции. Во третото и најдолго послание, Лав ги развива своите аргументи без да упатува препораки. Но повторно постојат фрази кои ја откриваат неповолната критика кон сите оние кои не ја следат источната богослужбена пракса.

Иако се само една капка во морето на светоотечката литература, посланијата на Лав Охридски остануваат едни од најраните и најзначајните богословски творби на Православната црква, насочени против „заблудите на Латините". Нивното значење е толку поголемо, што произлегуваат од една новооснована помесна Црква која, наоѓајќи се помеѓу Истокот и Западот, била вистински и практично засегната од овие прашања. Архиепископот Лав Охридски е само првата нитка во низата на охридските архиереи, кои во идните векови ќе се навраќаат на овие прашања и ќе пишуваат за актуелните богословски дискусии, создавајќи оригинални и неповторливи литературни творби.

[66] Büttner, *op. cit.*, 206-260.

VIKTOR NEDESKI

# THE ARCHBISHOP LEO OF OHRID AND THE DISPUTE WITH THE LATINS FROM HIS TIME[*]

*Summary*

Leo the Archbishop of Ohrid has sent a letter with theological content to the Bishop John of Trania in Apuleia in 1053 with an aim to protect the Christians in South Italy from the Latin liturgical practices. In the letter he addrerssed all the Western Bishops and the Pope himself. He aimed to show that certain worship practices of the Western Church, were not Christian customs and should therefore be rectified. The Archbishop and cardinal Humbert of Silva Candida translated to Latin the letter of Leon when he was in Apulia and gave it to the Pope of Rome, Leo IX. As a consequence from this action on 16 April 1054 during the Vespers the representatives of the Pope have entered into the church of Saint Sophia in Constantinople and put on the Altar Table a Papal bull (decree) with anathema for the Patriarch Michael Cerularius and the archbishop Leo of Ohrid. Thus one theological text became a reason for a historical event with millennial consequences – the schism from 1054 which continues until today.

[*] I would like to express special thanks to the General Secretariat for Research and Technology (GSRT) and Hellenic Foundation for Research and Innovation (HFRI) for the support to conduct this research included in the project supported by the decision no. 131175/I2.